РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-7680/8
20 год.-vit/e.
18-12-2023 СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за производство, промет и услуги
КАСТРУМ ДОО
Бр 41-2023/12
18.12 2023 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА НАБАВКА И ИСПОРАКА НА ПРИГОДНИ ПОДАРОЦИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерството за труд и социјална политика, со седиште на Ул. Даме Груев број 14, Скопје, претставувано од Министер Јованка Тренчевска во понатамошниот текст Договорен орган, од една страна и

2. **Друштво за производство, промет и услуги КАСТРУМ ДОО Скопје** ЕДБС 7385960, со седиште на ул. ул.519 бр.38 нас. Керамидница, Скопје, застапувано од Управител Адријана Јовановиќ, во понатамошниот текст Носител на набавката, од друга страна.

## ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНЕНИЕ НА ПОИМИТЕ)

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следново значење:

1) **„Договорен орган„** - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) **„Носител на набавката„** - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

3) **„Договор за јавна набавка на стоки„** - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката;

4) **„Договорна цена„** - е цената која ја побарува Носителот на набавката како што е утврдено во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал;

5) **„Испорака„** - значи предавање на стоките од страна на Носителот на набавката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој Договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките;

6) **„Сродни услуги„** - претставуваат пропратни услуги на набавката на стоки, како што е осигурување, инсталација, почетно одржување и други слични обврски на Носителот на набавката според условите наведени во овој Договор;

7) „**Сервисирање„** - претставува отстранување на сите грешки (дефекти и слично) и технички недостатоци, како и вградување на потребните резервни делови на испорачаните стоки;

8) „**Подизведувач„** - е домашно или странско правно или физичко лице, кое треба да достави кој било дел од стоките или да изврши кој било дел од сродните услуги преку поддоговор склучен со осителот на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка на стоки како набавка од мала вредност во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи) и важечките подзаконски акти, како и материјалните прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-7680/1 од 01.12.2023 година, Одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-7680/5 од 12.12.2023 година, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор е Набавка и испорака на пригодни подароци за потребите на Министерството за труд и социјална политика. Подароците се со намена при посета или прием на странски делегации, гости, функционери, амбасадори, за доделување на плакети на настани и сл.

## ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната вредност на договорот за набавката на пригодни подароци ќе се утврди врз основа на реално извршената испорака, но нема да го надмине износот од 100.000,00 денари без данок на додадена вредност. Вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 118.000,00 денари.

| Ред. број | Вид | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кована ракотворба Пеперутка | парче | 1 | 4.348,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | сребрена 19 век со димензии мин (41 x 31 cm) | | | |
| 2 | Мозаик со детал од Епископска базилика од Стоби (33 x 32 cm) | парче | 1 | 2.856,00 |
| 3 | Мозаик со детал од базиликата Екстра Мурос (33 x 32 cm) | парче | 1 | 2.856,00 |
| 4 | Мозаик со детал од подот од базиликата во Студенчишта, риби (33 x 32 cm) | парче | 1 | 2.856,00 |
| 5 | Мозаик со детал од Големата базилика од Хераклеа, елен (33 x 32 cm) | парче | 1 | 2.856,00 |
| 6 | Мозаик со Саат кула од Гостивар (35 x 29 cm) | парче | 1 | 2.856,00 |
| 7 | Сувенир со Златна маска од Требениште (8 x 8 cm) | парче | 1 | 688,00 |
| 8 | Плакета во кадифена кутија (280x240мм) | парче | 1 | 2.576,00 |
| 9 | Златник од 14каратно злато тежина 6гр. (за првородено дете во претстојната година) | парче | 1 | 20.900,00 |

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 5**

Договорот се склучува на определено време за период до една година, односно до исполнување на износот од 100.000,00 денари без данок на додадена вредност, односно 118.000,00 денари со пресметан данок на додадена вредност. Доколку наведената вредност на договорот не се исполни во наведениот рок на времетраење на Договорот, истиот ќе престане да важи.

**ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 6**

Навременото и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува 10% од вкупната вредност на договорот и истата Носителот на набавката треба да ја достави во рок од 5 дена од денот на потпишување на договорот.

Банкарската гаранција се доставува во писмена оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност целосно реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во денари.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА/ТЕ

**Член 7**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го реализира согласно барањата во техничката спецификација која е прилог на тендерската документација. Носителот на набавката е должен да врши сукцесивна испорака во зависност од нарачаните количини.

Договорниот орган го задржува правото да нарачува количини согласно своите потреби до износот на кој е склучен овој договор. Испораката треба да биде сукцесивна во зависност од нарачаните количини во рок од 3 (три) работни дена од денот на доставената писмена нарачка од страна на овластено лице за следење на реализација на договорот кај Договорниот орган.

Место на испорака на стоките се просториите на Министерство за труд и социјална политика на ул Даме Груев бр 14.

Испораката се смета за извршена по потпишувањето на испратницата (име, презиме и потпис) од овластеното лице за следење на реализација на договорот кај Договорниот орган и овластено лице на Носителот на набавката.

## VII НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 8**

Плаќањето на поединечните фактури предмет на овој договор ќе се врши во рок од 60 дена од денот на доставување на уредно изготвена фактура во Архивата на Министерството за труд и социјална политика. За извршување на овој договор не е дозволено авансно плаќање .

## VIII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 9**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 2 од

договорот;

- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ;
- валута на плаќање.

Носителот на набавката е должен да ја доставува фактурата за испорачаната стока во прилог со испратница/и и фотокопија од нарачката добиена од страна на Договорниот орган.

## РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 10

Носителот на набавката нема право на промена на цената на стоката/те за времетраењето на Договорот.

## КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

Член 11

Квалитативен и квантитативен прием на нарачаните пригодни подароци врши одговорното лице во Министерството за труд и социјална политика, со документ (испратница) потпишана од овластено лице од Министерството за труд и социјална политика и Носителот на набавката.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока/и.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 12

Носителот на набавката се обврзува дека стручно, професионално и квалитетно ќе го изврши предметот на овој договор.

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/те до просториите на Министерството за труд и социјална политика во времето и на адреса на ул.Даме Груев бр.14, Скопје.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога стоката/те ќе ја достави до просториите на Министерството за труд и социјална политика.

Член 13

Носителот на набавката е должен испораката на стоката/те да ја врши сукцесивно во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на нарачката доставена од страна на Договорниот орган.

**ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН**

Член 14

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на Носителот на набавката, по испорака на стоката/ите, а во рок до 60 дена од денот на доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со овој Договор.

**НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА СТОКАТА/ИТЕ**

Член 15

Примопредавањето на стоката/те се состои во вршење на потребните дејствија за да биде возможно предавањето, како и превземањето на стоката/те.

Член 16

За примопредавањето се составува записник кој ги содржи особено следните податоци:

1) дали стоката/те е испорачана во рокот кој е договорен;

2)дали квантитетот и квалитетот на испорачаната стока/и одговара на договорениот квантитет и квалитет.

3)доколку се појави разлика во бараната и испорачаната стока, Договорниот орган не презема обврска за исплата на разликите кои се вишок од бараната стока.

Член 17

Записникот за примопредавање го потпишуваат двете договорни страни.

Од денот на составувањето и потпишувањето на записникот настануваат последиците во врска со примопредавањето.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

Член 18

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

**ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 19

До предавањето на стоката/те на Договорниот орган, ризикот за случајна пропаст или оштетување на стоката/те го поднесува Носителот на набавката, а со предавањето на предметот ризикот преминува врз Договорниот орган.

Ризикот не преминува врз Договорниот орган ако тој поради некој недостаток на предадената стока/и го раскинал договорот или барал замена на стоката/те.

**ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ**

Член 20

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на стоката/те што тој ги имал во моментот на преминувањето на ризикот врз Договорниот орган, без оглед дали тоа му било познато.

Носителот на набавката одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Договорниот орган ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

Член 21

Недостаток постои:

1) ако стоката/те ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;

2) ако стоката/те ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган, а која му била позната на Носителот на набавката или морала да му биде позната; и

3) ако стоката/те ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани.

Член 22

Носителот на набавката не одговара за недостатоците ако во моментот на склучувањето на договорот му биле познати на Договорниот орган или не можеле да му останат непознати.

Член 23

Договорниот орган е должен примената стока/и на вообичаен начин да ја прегледа, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, Договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Носителот на набавката веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

Член 24

Кога по приемот на стоката/те од страна на договорниот орган ќе се покаже дека стоката/те има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при нејзиното преземање (скриен недостаток), Договорниот орган е должен, за тој недостаток да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

Член 25

Во известувањето за недостатокот на стоката/те договорниот орган е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Носителот на набавката да ја прегледа стоката/те.

Ако известувањето за недостатокот Договорниот орган навремено го испратил до Носителот на набавката со препорачано писмо, или на некој друг сигурен начин,

задоцни или воопшто не стигне до Носителот на набавката, се смета дека Договорниот орган ја извршил својата обврска да го извести Носителот на набавката.

Член 26

Ако Договорниот орган, навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот може:

1) да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока/и без недостаток (исполнување на договорот);

2) да бара намалување на цената и

3) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Договорниот орган има право и на надомест на штетата.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 27

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусобно договарање.

Член 28

Доколку договорните страни не постигнат обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 29

Кога носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета и активирање на банкарска гаранција дури и да не даде дополнителен рок за извршување на услугата.

Член 30

Кога носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган има право да му остави дополнителен рок за исполнување на обврската .

Дополнителниот рок може да се остави само во случај кога Договорниот орган не трпи штета и во тој случај нема да се бара надомест на штета и да се активира банкарска гаранција .

Член 31

Ако носителот на набавката не ја исполнил својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, Договорниот орган може да го раскине договорот, да ја активира банкарската гаранција и да бара надомест на штета.

Во случај на раскинување на договорот поради неисполнување на оврските во определениот рок и во дополнителниот рок, Договорниот орган има право на надомест на штета и право да ја активира банкарската гаранција.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 32**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 33**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки .

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 34**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 35**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Министер
Јованка Тренчевска

**Договорен орган набавката**

**КАСТРУМ ДОО**
Адријана Јовановик

**Носител на**

Изработил: Благица Мирчевска, Раководител на одделение
Согласен: Славица Костовска, Раководител на сектор